Машински факултет
Број 02-2546/4
01.10.2015 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 113/2009 и 282/2013), Наставно-научниот совет на 38-та редовна седница одржана на 1 октомври 2015 година ја донесе следава

**О Д Л У К А**

за условите, начинот и постапката за одбрана на дипломска работа

Член 1

Со оваа Одлука се регулираат условите, начинот и постапката за одбрана на дипломска работа на Машинскиот факултет – Скопје

Член 2

Дипломска работа студентот може да работи од кој и да било предмет кој го следел во студиската програма на која е запишан, а по својот карактер одговара на целите на студиите и звањето со кое се стекнува по нивното завршување.

Член 3

Дипломската работа, покрај теоретскиот дел, треба да содржи и апликативен дел, во кој е опфатена примената на претходно обработените теоретски разгледувања.

Член 4

Ментор на дипломска работа може да биде само предметен наставник од Машински факултет во Скопје, кој држел настава на студиската програма на која е запишан студентот.

Член 5

Комисијата за одбрана на дипломската работа е составена од три члена.

Најмалку два члена од комисијата треба да бидат од членовите на Институтот, што е носител на студиската програма на која е запишан студентот.

Два члена од комисијата задолжително се од редот на наставниците, а третиот може да биде асистент или афирмиран стручњак од практиката кој е вклучен во наставниот процес (што подразбира да има одобрение за ангажирање од УКИМ).

Доколку менторот на кандидатот не е од матичниот Институт, задолжително другите два члена на комисијата се од Институтот носител на студиската програма на која е запишан студентот.

Во составот на Комисијата не смее да се определи член кај кој постои конфликт на интереси во однос на студентот како и помеѓу членовите на Комисијата, согласно *Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.*

Член 6

Студентот е должен да ја одбрани дипломската работа најдоцна до истекот на тековниот семестар во кој ја пријавил дипломската работа.

Во спротивно, дипломската работа треба да ја презапише во наредниот семестар.

Член 7

Дипломската работа се пишува на македонски литературен јазик со кирилично писмо, освен кај студиските програми кои се изведуваат на англиски јазик.

Член 8

Одбраната на дипломската работа е јавна.

Член 9

По успешна одбрана, дипломската работа се оценува со целобројна оценка од 6 до 10 која јавно му се соопштува на кандидатот.

Ако Комисијата ја оцени одбраната како неуспешна, кандидатот има право истата дипломска работа да ја брани уште еднаш до истекот на тековниот семестар.

Член 10

По успешната одбрана на дипломската работа, Комисијата оформува записник кој го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Член 11

Дипломската работа е интелектуална сопственост на Факултетот.

Член 12

За автентично толкување на оваа Одлука, како и за прашањата што не се регулирани со оваа Одлука или други акти на факултетот, надлежен е Наставно-научниот совет на МФС.

Член 13

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје * Република Македонија * Машински факултет *

Проф. д-р Атанас Кочов